821.111(73)(091)
прегледен научен труд

# ПРОНИКНУВАЊЕТО НА АМЕРИКОЦЕНТРИСТИЧКИТЕ КНИЖЕВНИ ПЕРЦЕПЦИИ ОД ТРАДИЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНОСТА
## (Краток преглед на книжевно-развојните процеси)

**д-р Илија Велев**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за македонска литература, Скопје

**Клучни зборови**: американска книжевност, традиција, современи творечки процеси, книжевен американоцентризам.
**Key words**: American Literature, tradition, contemporary creative processes, Literary Americocentrism.

Статусот на американската книжевност како традиција и како творечка современост сè повеќе ја потврдува сопствената интегрирана културна хегемонија во светските глобални културни процеси, а истовремено го следи и престижот на политичката моќ што произлегува од развојот на самото американско општество во светскиот поредок на народите и на државите. Навидум се мошне комплицирани дефинирањата на културно-историските (односно книжевно-развојните) феномени што со векови наназад се случувале на просторот на современиот државен конгломерат - Соединетите Американски Држави (САД). Меѓутоа, набљудувани од дистанца на проследување на самите процеси што ги одбележувале цивилизациските трансформации на овој простор од светската културна историја, јасно се идентификуваат фазите и формите на духовното прелевање преку наталожените супстрати што го сочинуваат традиционалниот американски културно-историски и современ идентитет.

Во тој контекст треба да се има предвид дека изворите од каде што проникнала американската книжевно-историска традиција

треба да се откриваат во најстарите домородни духовни и творечки искуства, т.е. преку проследувањата на индијанскиот фолклор - усните митови, легендите, приказните и лирските умотворенија. Иако сè до доселувањето на првите европски народи за околу петстотината индијански јазици и леменски култури не се сочувале какви и да е писмени книжевни сведоштва, сепак, ваквата претстава се надополнува преку трансцедентните проследувања на индијанската фолклорна традиција манифестирана со разновидната жанровска структура, но и преку сликовитите историски описи за шаманитските ритуали и патешествија. Секако дека претставата се надополнува и преку проследувањето на племенските хроники, визионерските песни за подвизите, или на наративите за преселбите. Всушност, индијанскиот фолклор и старата домородна духовна традиција имаат длабока творечка врска со современиот американски книжевно-развоен континуитет. Оттаму и стотици староиндијански зборови влегле во современиот корпус на англоамериканската лексика.

Преовладува мислењето дека јасното препознавање на современата американска книжевност историски почнала да ги трасира сопствените творечки развојни насоки во доселеничката ера, што трае сè до денес. Континуитетот на нејзиното развојно творечко искуство, како глобална културна реализација, би требало да почнува од т.н. пуританска книжевност со метафизичката поезија и религиозните хроники, којашто се основала меѓу 1630 и 1690 година од страна на доселеното пуританско население во североисточниот дел на САД - познат како Нова Англија. Пуританските автори творечки останале ангажирани со идеите на христијанската реформа, а главно нивните дела црпеле искуства од егзегетскиот однос кон библиските книги и содржини. Посебен впечаток оставило делото на Роџер Вилијамс (1603-1683) којшто се доселил од Англија. Покрај тоа што бил поет, тој се смета за проникнувач на идејата за одвојување на црквата од државата, при што упатувал и остри критики кон актуелниот за тоа време империјализам. Во културологијата често се нотира како автор на книгата „Клуч кон јазиците на Америка“ од 1643 година, што претставува најстар сочуван разговорник на индијанските јазици. Но, не помалку се истакнува и неговото значење во областа на палеоетнографијата,

проследувајќи ги во определениот историски контекст древните обичаи. Натаму, во овој круг на американски творци, пред сè, треба да се имаат предвид и творештвата на белетристичкиот летописец Вилијам Брадфорд (1590-1657), на поетесата Ен Брадстрит (1612-1672), на нејзината современичка, поетесата Ен Хачинсон, на прозаистот и поет Мајкл Виголзорт (1631-1705), на прозаистката со антииндијански страсти Мери Роулендсон (1635-1678), на свештеникот поет Едвард Тејлор (1644-1729), на хроничарот и житиеписец Котон Мезер (1663-1728), на проповедно-морализаторскиот автор Џонатан Едвардс (1703-1758) и др.

Како своевидно надоврзување кон книжевно-историскиот развој се и творечките искуства на авторите од јужните и од централните американски колонии, меѓу кои биле и првите афроамерикански црнечки писатели Олада Екијана (1745-1797) и Џупитор Хамон (1720-1800). Во периодизацијата на овој американски писателски круг секако дека припаѓаат уште две интересни книжевни личности. Првиот е знаменитиот библиофил и патеписец Вилијам Бард (1674-1744), којшто за тоа време ја поседувал најбогатата библиотека со 6300 книги - а бил и автор на патеписните записи „Историја на оддалечената линија“ од 1729. Вториот е поетот, белетрист и сатиричар Роберт Беверли (1673-1722), којшто главно е познат по книгата со колонијална тематика „Минатото и иднината на Вирџинија“ од 1705 година (а доживеала и ново издание во 1722 година).

Како посебна развојна фаза од профилирањето на американската книжевна историја се нагласува периодот на Американската револуција меѓу 1775 и 1820 година, којашто била активирана против британското колонијално владеење. Револуционерните придобивки резултирале со типологизирање на своевидно американско општество, култура и традиција. Со право треба да се смета дека тогаш настапиле и регуларните услови за нов книжевно-творечки развоен пат во Америка, а заживеала и јасната идеја за создавање на самостојна американска книжевност поттикната од стекнувањето на американското национално самосознание. Почнала да се активира интелектуалната инерција со јасно нагласената нужност за ослободување од зависноста од туѓите

мислења и од туѓите форми за организирање на духовен и културен живот.

Сепак, по Револуцијата, американската книжевност сè уште не била во ситуација целосно и автохтоно да профилира самостоен творечки интегритет, зашто едноставно се забавил процесот на културна еманципација поради неизживеаното самоповрзување со книжевните состојби во Англија. Притоа продолжиле имитациите на англиските или на класичните творечки обрасци претежно од колонијалните писатели неокласичари, кои главно биле Англичани по род (Џозеф Едисон, Ричард Стил, Џонатан Свифт, Самуил Џонсон и др.).

Актуелната културна револуција ги надоврзувала американските просветителски идеи од XVIII век со рационалистичките погледи, кога почнал творечки да се претпочитува разумот пред традицијата, односно кога се истакнувале идеалите за слободата и за рамноправноста како природни човекови права. Творечката идејна насока на развој станала амалгам на политичките и на културните доживувања од актуелноста на обидот за осамостојување на американскиот дух. Своевидни извори за проследување на ваквите произнесени тенденции можат да се разоткријат во Автобиографијата на Бенџамин Франклин (1706-1790), или во филозофските погледи на Томас Пеин (1737-1809) во книгата „Век на разумот“ итн.

Требало да поминат дополнителни 50 години за да се почувствува американската културна и книжевна независност и да се роди поколението на големите американски писатели - претставници на романтизмот и на реформаторските процеси, како што биле: Вашингтон Ирвинг, Џејмс Фенимор Купер, Ралф Волдо Емерсон, Хенри Дејвид Торо, Натаниел Хоторн, Едгард Алан По, Волт Витман, Емили Елизабет Дикинсон, Фредерик Даглас и др.

Колку и да била нагласена тенденцијата за своевидна американска национална афирмација и за пишување со самосвој американски збор и мисла, сепак, книжевните творци не можеле да се дистанцираат од влијанието на актуелниот творечки бунт на европското интелектуално и книжевно движење кое во втората половина на XVIII век се манифестирало преку романтичарските појави. Појавата на европскиот романтизам главно проникнал во

Франција, Германија и Англија, а неговите протагонисти почнале да излегуваат од политичките и културолошките изживеани норми на просветителството, при што истовремено не го почитувале авторитетот на разумот што го декларирале рационалистите и својата творечка енергија ја подредувале на емоциите и на индивидуализмот. Во европската книжевност веќе се истакнале писателските имиња на Џорџ Гордон Бајрон (1788-1824), Алфонс де Ламартин (1790-1869), Михаил Јуревич Лермонтов (1814-1841), Алфред де Мисе (1810-1857), Александар Сергеевич Пушкин (1799-1837), Перси Биш Шели (1792-1822), Алфред де Вињи (1797-1863) и други.

По примерот на европскиот романтизам, а особено на англискиот, веќе од 20-тите години на XIX век овој книжевен правец на реализација станал творечки идеал и за американските писатели. Секако дека американскиот романтизам имал сопствен индивидуалитет, зашто истиот се манифестирал во веќе типологизираниот израз на страсти и идеализам за посебен национален идентитет во новата американска ренесанса. Над сè, кај американските романтичари доаѓала до израз експресивноста за улогата на човекот како поединец при градењето систем во развојот на општествените однесувања. Дури американскиот романтизам теоретски се легитимирал и со своевиден манифест. Проследувачите на американските книжевно-творечки процеси како таков го препознаваат есејот „Поетот“, напишан во 1844 година, од Ралф Волдо Емерсон (1803-1882). Всушност, овој истакнат американски писател, заедно со Хенри Дејвид Торо (1817-1862), го навестиле присуството и на книжевниот трансцендентализам, црпејќи го вдахновението од нагласениот оптимистички дух на романтизмот. Новите романтичарски и трансцендентални идеи во американското книжевно творештво учествувале и во профилирањето на новиот хуманизам во XIX век, а сите заедно ја поткрепиле и американската пробудена свест за независност. Ваквиот културен и социолошки амбиент го овозможил и издигнувањето на самоукиот поет Волт Витман (1819-1892), чијашто поезија станала престижна и надвор од Америка.

Затоа, пак, новата творечка струја во американската книжевност станала предизвик и за појава на т.н. „Брамини“,

односно академски профилирани творци од Харвард - кои си ја приопштиле улогата на уважени културни арбитри на уметничкиот вкус во Америка. Позначајни претставници на „Брамините" биле Хенри Возурт Лонгфелоу (1807-1885), Оливер Вендл Хоумс (1809-1894), Џејмс Расел Ловел (1819-1891) и др. Како своевиден нивен творечки антипод во американската книжевност се истакнале имињата на аболиционистот Џон Гринлиф Витир (1807-1892) и феминистката Маргарет Филор (1810-1850). Секако дека во тој контекст плоден идеен простор се отворил и за појавата на поетесата Емили Дикинсон (1830-1886), манифестирајќи ја сопствената неограничена творечка индивидуалност. Во тој контекст се поместува и творештвото на поетот Едгард Алан По (1809-1849), како и имињата на американските писатели кои се истакнале како реформатори: Хариет Вилсон (1807-1870), Хариет Бичор Стоун (1811-1896), Фредерик Даглас (1817-1895), Хариет Џејкопс (1818-1896) и др.

Во американскиот книжевно-историски развиток особено било значајно проникнувањето на книжевниот реализам во периодот по Граѓанската војна меѓу Северот и Југот од 1861 до 1865 година. Тогаш настапил актуелниот американски идеализам што требало да ги мобилизира сопствените духовни сили за да се оствари оптизмизмот на младата демократска нација. Во книжевниот ангажман почнале творечки да се надополнуваат искуствата на прозните реалисти со протагонистите на наративниот космополитизам, на натурализмот, или со делата на Чикашката поетска школа. Ваквите раздвижени културни услови и разнолики естетски доживувања највпечатливо дошле до израз во книжевните творештва на Марк Твен - алијас Самуил Клеменс (1835-1910), Теодор Драјзер (1871-1945) и Џек Лондон (1876-1916), потоа Хенри Џејмс (1843-1916), Едит Вортон (1862-1937) и Стивен Крејн (1871-1900), како и на поетите од т.н. Чикашка поетска школа, Едвин Робинсон (1869-1935), Карл Стендберг (1878-1967) и Вејчел Линѕи (1879-1931). Кон нивниот книжевно-творечки ангажман се надополнува и претставата за афроамериканските писателски имиња на Букар Вашингтон (1856-1915), Чарлс Чеснот (1858-1932) и Џејмс Џонсон (1871-1938).

Во периодот на Првата светска војна и по неа Америка станала најмоќната воена земја којашто сè повеќе го истакнувала експанзионистичкиот однос кон остатокот на светот, при што почнал нагласено да оживува процесот на губење на американската духовна невиност. Тоа ја будело американската свест за модерен живот и за своевиден престиж во глобалниот свет. Во новиот социолошки и културолошки амбиент се предизвикал бунтот на младите за пореализиран живот и за престиж во глобалниот свет, а се активирале и движењата за еднакви можности. Настапиле книжевните творечки одрази на модернизмот со поапстрактни структурно-естетски експериментирања. Таквите творечки процеси се надоградувале и биле актуелни сè до крајот на Втората светска војна во 1945 година. Новите идејни тенденции што ја проткајувале творечката матрица на американските писатели ги црпеле искуствата и преку актуелноста на Дарвиновата теорија за еволуцијата и на методите на психоанализата прокламирани од Зигмунд Фројд. Тоа во голема мерка придонело да се напуштат традиционалните морални основи на општественото живеење, притоа се истакнувале екстравагантните односи кои (според Томас Елиот) требале духовно да го возобноват едноличниот живот во којшто талкало современото човештво. Секако дека идејните и стилските погледи на американските автори клонеле кон модернистичките и експерименталните обрасци за да не се изгуби животниот здив од кризата на моралот, што била предизвикана од светската економска криза во 30-тите години на XX век. Веќе од овој период натаму може да се констатира дека новиот развоен тек на американската книжевност почнал да добива сопствена осмислена насока на идејна поврзаност со барањата на актуелните потреби на времето во таа средина. Таквата творечка ситуација поттикнала и појава на своевидна Американска книжевна школа, со прецизно насочување на „Новата критика“ - која требало да го насочува развојот на книжевното творештво со нов критички израз.

Следствено, американскиот книжевен модернизам од првата половина на XX век творечки го изразувал современото чувство да се живее модерно, а со тоа и решително да се надминува влијанието на класичната традиција од западната цивилизација. Приклонувањата и кон модернистичките експериментирања

творечки го профилирале современиот американски реализам, којшто веќе се разликувал од истиот стилски ангажман реализиран во европските книжевности (секако веќе и од англиската книжевност). Своевиден развоен творечки процес во американската книжевност извршила и познатата Харлемска ренесанса, како нова творечка енергија на црнечката популација, чијашто инспирација се црпела од актуелната афроамериканска џез-култура: романсиерот Карл Ван Вектон, харлемскиот поет Каунти Колон, како и делата на Џин Тумор, Ричард Рајт и др. Секако дека во тој развоен период од американската книжевност дошло до израз и драмското творештво, а како поистакнати драмски пројави се сметаат оние на Јуџин О'Нил (1888-1953), Клифорд Одест (1906-1963) и др.

Она што треба да се истакне со посебен акцент за американската книжевност меѓу двете светски војни е појавата на писатели со светски вредносен формат, чиешто творештво веќе почнало да врши и влијанија во другите национални книжевности, дури и во Европа. Токму од 1930 година наваму американските писатели почнале да се наградуваат и со најпрестижните меѓународни книжевни награди, меѓу кои и со Нобеловата награда за книжевност. Прв носител на ова светско книжевно признание бил Синклер Левис (Луис) во 1930 година, за по него да следат Јуџин (Евгениј) О'Нил во 1936 година, Перл Бак во 1938 година, Томас Штернс Елиот во 1948, Вилијам Фокнер во 1949 година, Ернест Хемингвеј во 1954 година, Џон Штејнбек во 1962 година итн.

Следствено, во овој развоен период од американската книжевност се поттикнала афирмацијата на творештвото и на други големи писателски имиња, како што биле Роберт Фрост (1874-1963), Гертруда Штајн (1874-1946), Волас Стивенс (1879-1955), Езра Вестон Лумис Паунд (1885-1972), Робинсон Џеферс (1887-1962), Томас Штернс Елиот (1888-1965), Френсис Скот Фицџералд (1896-1940) и др.

Регуларните современи текови на веќе профилираните американоцентристички творечки перцепции слободно можат да се идентификуваат во периодот меѓу 1945 и 1990 година. Новите предизвици во глобалниот свет веднаш по завршувањето на Втората светска војна дополнително ги мотивирале творечките ангажмани на американските писатели самостојно да се приспособат кон

современите пристапи и интерпретации. Впрочем, американската книжевност по Втората светска војна ја возобновила разнообразноста од новите текови на европскиот книжевен егзистенцијализам, но и од латиноамериканскиот магичен реализам. Предмет на творечката опсервација станале и мотивите од метафизичка природа. Тоа ја навестило и афирмацијата на постмодернистичкото творечко чувство кај американските писатели. Едноставно, гледната точка на модернистичкото преструктуирање веќе не била доволен предизвик на новиот бран американски писатели, при што станало нужно одново да се пресоздава контекстот на визијата. Веќе масовните културни струења доаѓале до поголем израз во однос на елитната култура. Треба да се истакне дека идеолошката повоена ангажираност нужно го повратила реалистичкиот метод на творечко произнесување и кај американските писатели, но современиот реализам повеќе клонел кон границите на натурализмот. Како илустрација служат творештвата на писателите Норман Мејлор и на Џејмс Џојс. Поствоениот реализам во американската книжевност се надградувал и со сатиричните толкувања на војните, дека тие се граничат со лудоста (пример кај Џозеф Хелор). Во тој развоен период од американската книжевност се надраснале и големите писателски имиња на промодернистичките творештва на Џон Апдајк, рускиот емигрант Владимир Набоков, Џон Селингер и др.

На планот на поетското творештво била значајна појавата на првата критички опсервирана антологија „Новата американска поезија“, што ја подготвил Доналд Ален во 1960 година. Преку овој антологиски избор јасно се диференцираат пет поетски школи преку кои се рафинираат разновидните стилски и идејни тенденции во американското поетско творештво. Првата поетска школа ги регрутирала авторите во т.н. Сан Франциско ренесанса (Школа на Блек Мајнтон), односно поетите од кругот на експерименталниот и либерален колеџ на уметностите во Северна Каролина, каде што во почетокот на 50-тите години од XX век професори биле поетите Чарлс Олсен, Роберт Данкан и Роберт Кријли. Нивното влијание било големо за да стекнат и свои следбеници меѓу студентите. Втората поетска школа на Сан Франциско се потпирала на источната филозофија и религија, а ги користела искуствата уште и на

јапонската или на кинеската поетска традиција. Најистакнати протагонисти се поетите Џек Спејсер, Лоренс Ферлингети, Фил Вејлен, Гари Снајдер, Џоан Кајгер и др. Следната поетска школа ја сочинувале т.н. поети од „бијт“ поколението, коишто главно се инспирирале од џезот, источната религија и од слободарското живеење (пример - хипи движењето, ЛЏП-заедниците и сл.). Како најглавен нивен претставник се истакнал харизматичниот Ален Гинзберг, којшто е и добитник на Златниот венец на Струшките вечери на поезијата во 1986 година. Поетите од Њујоршката поетска школа се главно образовани автори коишто не го концентрираат својот инспиративен интерес кон моралните или кон политичките теми во своите творештва. Нив ги преокупира апстрактниот експресионизам, па и затоа творештвото им е потешко за разбирање или за конкретно толкување. Главни протагонисти се Џон Ешбери, Френк О’Хара, Кенет Кох и др. Натаму се доразвиваат и стилските и идејните форми на егзистенцијализмот, на фееминизмот, на мултиетничките поетски интеракции, на домородните реминисценции, како и на афроамериканската или на азијатско-американската творечка приспособливост.

Долг би бил списокот на американски писатели коишто ја одбележуваат творечката епоха на современиот книжевно-творечки процес од втората половина на XX век. Но, секој преглед од кој и да е аспект на проследување, неизбежно би имал место за имињата на харвардските професори Елизабет Бишоп и Роберт Лоул. Тие и најчесто се споредуваат со значењето на американските писатели Емили Дикинсон и Волт Витман кои го имале во развојот на американската книжевност од периодот на XIX век.

Периодот од средината на 70-тите години на XX век веќе може да се коментира како книжевна епоха на консолидација и на предизвикување творечки баланс меѓу традицијата и современите тенденции. На тоа влијаел социолошкиот и културолошкиот амбиент предизвикан од конфликтот во Виетнам и од американското признавање на Народна Република Кина. Личните човекови преокупации станале поважни за опсервирање отколку глобалните општествени прашања. Американските писатели почнале да ги оживуваат порано напуштените тематски преокупации од реализмот, со нагласен интерес на инспирацијата кон историјата. Сепак, тогаш

проникнале и творечките достигнувања на американскиот модернизам и постмодернизам. На американската книжевна сцена настапиле нови писатели како што се Џон Гарднер, Џон Ирвинг, Вилијам Кенеди, Алис Вокер и др.

Тогаш и во таквите американски книжевно-творечки околности е напишано и волуминозното мемоаристичко белетризирано дело *Во Белата куќа* (*White house years*) на истакнатиот американски политичар, дипломат, општественик и интелектуалец Хенри Кисинџер. Доколку авторот на Декларацијата за независност (1776) и трет претседател на САД во периодот меѓу 1801 и 1809 година, Томас Џеферсон, некои истражувачи го сметаат за предводник на просветителството и како еден од првите талентирани американски писатели, тогаш со името на Хенри Кисинџер и со неговата белетризирана политичка мемоаристика од годините кога бил во Белата куќа се омеѓува суверенитетот на американските книжевно-творечки процеси во актуелната современост.

За оваа прилика, проникнувањето на americoцентристичките творечки перцепции од книжевната традиција во современоста ќе го омеѓиме со прокламираниот активитет на последните генерации американски писатели. Веќе стекнатиот американски книжевен суверенитет токму овие творци целосно го ослободуваат од конвенционалните творечки структурни форми, стилски затворености или неразграничени идеологии. Ваквото ослободено сфаќање на слободата во творештвото го поттикнува книжевната критика и посебните антологизирања на прокламираните поетики и идеи. На тој начин доаѓа до издвојување на формализмот од слободниот стилски израз во структурата на делото или, пак, се успеало да се избалансира академскиот пристап во однос на тенденциите за експериментирање во поетиката. Затоа воопшто не збунува и доаѓањето до израз на американски писатели коишто манифестираат апстрактен експресионизам, наспроти мултиетнички и космополитски идејни реализации. Исто така, преку интеркултурните модели на естетско произнесување и восприемање се афирмираат и прашања како оние за феминизмот, за полот, за расата и сл. Едноставен е и творечкиот однос во актуелноста на глобалните културни амбиенти каде што се преточуваат духовните

вредности на националните, расните и на личните човекови посебности. На тој начин американската книжевност ги прошири границите на влијание во најсовремениот амбиент на масовната култура.

Но, она што може да се издвои како главна специфичност во современиот американски книжевен живот е токму влијанието на бурниот творечки процес што врши ослободување на уметничкото произнесување и восприемање како прилог во децентрализацијата на културната сцена. Истовремено и стапувањето во сила на самата творечка глобализација во современата американска култура овозможува групирање на духовните и на естетските доживувања, како што се оние од манифестацијата на женското писмо, на проектирањето на различните етнообичајни дискурси, одразот на џез-поетиката, на декларирањето на социјално-класните пораки, на инклузијата на декламаторско-духовните признаци, на хип - хоп обрасците, на кибер-поезијата и сл. Притоа, глобалната американска книжевна архитектура ги вградила во својот творечки комплекс подеднакво: новите принципи на постмодернизмот, повеќеслојноста на книжевниот канон, функциите на етнокултурните различности, одразот на интернет-технологијата, улогата на осамениот глас на писателот при отуѓеноста во американското глобално општество, занемарувањето на вредности поради комерцијализмот или конформизмот, итн.

**Литература**:


Вукчевић, Радојка. 2010. *A History of American Literature*. Београд.

Вукчевић, Радојка. 2008. *Perspectives on American Literature*. Београд.

Вучковић, Тихомир. 1993. *Модерна америчка књижевност. Антологија*. Београд: Култура.

Вучковић, Тихомир. 1993. *Стара америчка књижевност. Антологија*. Београд.

*Историја књижевности САД*. 1962. Обод-Цетиње.

*Оксфордска енциклопедија америчке књижевности*. 2006. Београд.

Пацић, Бранкица. 1991. *The Big Ten. Major Nineteenth Century American Writers*. Ниш.

*Повијест свјетске књижевности*. 1973. Загреб.
*Asian American Novelists: A Bio-Bibliographical Critical Sourcebook* by Emmanuel S. Nelson. 2000.
Baym, Nina, ed. 2007. *The Norton Anthology of American Literature*. New York.
Berkovitch, Sacvan, ed. 1986. *Reconstructing American Literary History*.
Bercovitch, Sacvan. 1995. Gen. ed. *The Cambridge History of American Literature*.
Bradbury, Malcolm. 1983. *The Modern American Novel*. New York.
Brodey, K. &Malgaretti, F. 2003. *Focus on English and American literature*.
Brooks, Cleanth and Robert Penn Warren. 1973. *American Literature*: The Makers and the Making.
Chase, Richard. 1957. *The American Novel and Its Tradition*. Garden City.
Christol, Hélène & Mathé, Sylvie. 1999. *An introduction to american fiction. Paris*.
Cunliffe, Marcus ed. 1973, 1975. *The Sphere History of Literature in the English Language: American Literature to 1900, American Literature since 1900*. London.
Drabble, Margaret. 1984. *The Oxford Companion to English Literature*.
Elliott, Emory, gen. ed. 1988. *Columbia Literary History of the United States*. New York.
Gray, Richard. 2004. *A History of American Literature*. Blackwell.
Gura, Philip F. 2007. .*American Transcendentalism: A History*. New York.
Halleck, Reuben. 2011. *Post History of American Literature*. Tredition.
Hazel, Hutchison. 2015. *The War That Used Up Words: American Writers and the First World War*.
Hutner, Gordon, ed. 1995. *The American Literary History*. Reader.
Krutch, Joseph Wood. 1957. *American Drama Since 1918*. New York.
Matthiessen, F. O. 1968. *American Renaissance*. London.
Maxwell, Geismar. 1958. *American moderns, from rebellion to conformity*.
McQuade, ed. 1987. *The Harper American Literature*.

*New Immigrant Literatures in the United States: A Sourcebook to Our Multicultural Literary Heritage* by Alpana Sharma Knippling. 1996.

*Rađanje modern književnosti. Poezija*. 1975. Priredili Sreten Marić I ĐorđijeVukovič. Beograd.

*Rađanje modern književnosti. Roman*. 1975. Priredio Aleksandar Petrov. Beograd.

Ruland, Richard and Malcolm Bradbury. 1991. *From Puritanism to Postmodernism. A History of American Literature*. New York.

Sherman, and C. Van Doren. 2000. New York: G.P. Putnam's Sons, 1907–21; New York: Bartleby.com.

Sollors, Werner & Greil Marcus, ed. 2009. *A New Literary History of America*. The Belknap Press of Harvard University Press.

*The Cambridge History of English and American Literature*.American edited by: W. P. Trent, J. Erskine, S. P.

*Witschi, N.S. Traces of Gold: California's Natural Resources and the Claim to Realism in Western American Literature*. 2002.

http://photos.state.gov/libraries/bulgaria/231771/PDFs/American%20Literature%20_Bulg.

## A BRIEF OVERVIEW OF THE LITERARY PROCESSES TIED TO THE AMERICOCENTRIC LITERARY PERCEPTIONS

**Ilija Velev**

### Summary

The research conducted aims at providing a typology regarding the status of American Literature within the context of traditional forms, stemming from the oldest indigenous civilizations, all the way to the intercultural transitions found at the onset of the so-called era of migrations, patterns still ongoing. From a present-day perspective, we can ascertain that conditions have been created to begin a process of interpreting the phenomenon of the Americocentric literary perceptions, since American Literature keeps affirming its integral cultural hegemony

within global processes. This particular viewpoint is gaining ground since said literary-creative processes run parallel to the prestige associated with political supremacy, which in turn stems from the position of US society within the current world order. It seems as if the defining processes of the cultural-historic (that is to say literary) phenomena are rather complex, due to the complexity of their development within the space that is “the” contemporary state conglomerate, the United States of America (USA). However, viewed from afar, the same processes that marked the civilizational transformations within this space, and are a part of the world’s cultural history, can be observed through the clearly identifiable phrases and forms of the spiritual mergers present among the layered cultural substrates that create the traditional American cultural and historical, on the one hand, and contemporary identity, on the other.